Архивски број: 08-227/1
18-02-2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-671/1 од 18.10.2024 година, за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] од Скопје во име на нејзиниот малолетен син, преку [redacted] од Скопје против Општинско основно училиште „Димитар Миладинов“ - Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 26.12.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА дискриминација, односно вознемирување врз [redacted] односно врз нејзиниот син [redacted] од страна на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов“ - Скопје во областа на образование, наука и спорт.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 18.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) од страна на лицето [redacted] од Скопје, преку [redacted] од Скопје со адреса на [redacted], Скопје, поднесена е претставка за заштита од дискриминација заверена под број 08-671/1. Претставката подносителката ја поднесува во име на малолетно лице во својство на нејзин син, ученик во ООУ „Димитар Миладинов“ Скопје, а во врска со дејствија на врсничко насилство врз него.

Подносителката во претставката наведува дека [redacted] е ученик во седмо одделение во ООУ „Димитар Миладинов“ Скопје. Минатата година во неговото одделение бил префрлен нов ученик [redacted] кој веднаш по пристигнувањето започнал да го малтретира [redacted] и тоа вербално да го навредува со зборовите „циган“, „црнец“, „оди си во шутка“, „педер“, „моливот ако ми го пипнеш ќе оцрни“, „копиле“, „оди плачи дома на мајка ти“, „ќе те средам надвор во школски двор“ и други навредливи зборови. За време на екскурзијата која се одржала минатата година во локалитет Тумба, Маџари, [redacted] бил сниман со мобилен телефон без дозвола од страна на [redacted] кој коментирал „еве го циганот од шутка“ и ја покажувал снимката насекаде, на што сите присутни деца се смееле, а [redacted] се вратил со плачење од екскурзијата. На таквата постапка на [redacted] не било реагирано од страна на класниот раководител - [redacted], која е всушност и мајка на [redacted] Со тек на време на нападите на [redacted] му се приклучил уште еден ученик [redacted] и истите од само вербални прераснале и во физички напади со буткање на [redacted] туркање по скали и мавање со празни пластични шишиња.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Се наведува дека [redacted] е солиден ученик кој со радост одел на училиште пред да започне врсничкото насилство. Откако почнало врсничкото насилство врз него, тој не се чувствува безбедно во Училиште, поради што кон крајот на минатата школска година често барал да не оди на часови, посебно откако бил маван со пластични шишиња. Родителите го пријавиле врсничкото насилство и кај Директорката на ООУ „Димитар Миладинов“ Скопје уште минатата учебна година, но немало подобрување на состојбата. Подносителката истакнува дека наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето се должни да го препознаат насилството, во секојдневното работење да внимаваат дали во училиштето се случува насилство, дали некој ученик е жртва на насилство и дали некој ученик се однесува насилно. Доколку забележат насилство, наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето се должни да го применат Упатството за постапката за пријавување и заштита на Ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Исто така, Законот за основното образование предвидува дека „Вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство“. Во конкретниот случај кој трае повеќе од една година со не постапувањето на стручните служби насилството се премолчува, жртвата е оставена сама на себе, а сторителите не се санкционираат. Според сознанијата кои ги имаат родителите на [redacted] единственото дејствие се состаноците помеѓу педагогот и [redacted]. За овие состаноци [redacted] појаснува дека разговорот се одвива во насока да наведе кои зборови му се кажани од децата и зошто се чувствува навреден од тие зборови, за на крај да добие совет дека мора да се подготвува дека во животот и во иднина ќе има случки каде ќе има навреди и лоши постапувања и треба да се подготви за тоа. Подносителката истакнува дека таквиот пристап не е во најдобар интерес на детето. По пријавувањето на врсничкото насилство во училиштето, наместо да му се обезбеди поддршка на [redacted] од страна на класната [redacted] биле собирани изјави од останатите ученици во одделението за тоа што имаат да се пожалат од [redacted], и тоа во негово присуство. Се истакнува дека [redacted] чувствува и пријавува дома дека односот на класната кон него е променет и постојано е мета на коментари од нејзина страна поврзани со пријавувањето на насилството, како и дека во последно време класната често го повишувала тонот при разговорите со него за разлика од однесувањето со другите деца. Оттука, подносителката бара од Комисијата да ги преземе сите активности во рамките на законските надлежности, со цел заштита на [redacted] кој е жртва на врсничко насилство и да изврши увид во ООУ „Димитар Миладинов“ Скопје, со цел да се утврди кои активности ги имаат преземено во врска со случајот на врсничко насилство во нивното училиште, како и кои се идните планови за да се работи со децата и да се заштити жртвата на врсничкото насилство.

Општинското основно училиште „Димитар Миладинов“ Скопје, преку директорката [redacted] на 06.11.2024 година, се изјасни по наводите во претставката со допис бр. 03-986/1.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имено, наведуваат дека врз основа на поединечна и взаемна анализа и проценка на одделенскиот наставник, службите и директорот е констатирано дека одделенската раководителка имала увид во ситуациите пријавени од подносителката и повратна комуникација со мајката на ученикот [redacted] Во текот на учебната година 2023/24 одделенската раководителка ги следела односите меѓу учениците и ги расчистувала случаите во кои било утврдено дека постојат взаемни поплаки и несогласувања, со наведување дека имале различни перцепции и искази по истите. Истакнуваат дека се реализирале заеднички активности и проекти од страна на одделенската раководителка за промоција на мултикултурализам и позитивна клима во класот, промоција на еднаквост и прифаќање на различности, во вид на театарски претстави и работилници. Се наведува дека имало непречена комуникација помеѓу стручните служби и одделенската раководителка за ситуации кои се појавувале во класот. Истакнуваат дека минатата учебна година биле изречени и педагошки мерки против ученикот [redacted] во врска со повеќе ситуации, вклучително и за случки во класот на ученикот [redacted] а по утврдена нарушена комуникација помеѓу учениците меѓу кои и ученикот [redacted] Понатаму, наведуваат дека се следеле сите ситуации и дека се оствариле неколку средби со ученикот [redacted] односно се воделе разговори со педагошката служба, по добиени и споделени информации од одделенската раководителка за одредени случки. Од таквите разговори и средби се дознавало за меѓусебни препирки на учениците, по што се давале насоки како истите да се решаваат. Била остварена и индивидуална средба со [redacted] на која се разговарало за постапување во конкретни ситуации и градење самодоверба, а ваквите активности се реализирале во соработка со одделенската раководителка. Овој разговор, односно средби биле на крајот на минатата учебна година. Исто така, истакнуваат дека била остварена средба помеѓу класниот раководител, службите, директорот и родителите на [redacted], како и дека било вмешано и трето лице роднина на [redacted], но која вмешаност е утврдено дека е непотребна и неоправдана, бидејќи комуникацијата се одвива само со родители на ученици. Истакнуваат дека оваа учебна година се испланирале работилници со сите ученици во паралелката на [redacted] а една таква работилница веќе се реализирала на 30.09.2024 година. На крајот наведуваат дека на учениците им се дава поддршка и се охрабруваат отворено да зборуваат за сите ситуации кои имаат одредени потешкотии, а воедно допринос треба да има и од родителите за подобрување на состојбата.

Комисијата на 10.12.2024 година, изврши увид во простории и документација во ООУ „Димитар Миладинов“ Скопје и изврши разговор со директорката [redacted], педагог [redacted] психолог [redacted] – [redacted] професор по историја, [redacted] професор по историја и [redacted] класна раководителка на класот во која учи [redacted] Од претставниците беше побарана документација за изречени и/или спроведени педагошки мерки, пријави за насилство од страна на жртвата на кого се однесува поднесената претставка. На увид беа дадени Решение на Државен просветен инспекторат бр. 09/2-909 од 18.10.2024 година, Записник бр. 09/2-909 од


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

03.12.2024 година и Записник бр. 09/2-909 од 17.10.2024 година. Од страна на претставниците беше изјавено дека немаат пријави на образец заверени за наведените настани во претставката, односно нема официјална писмена пријава од родителите на ученикот – жртва. Директорката во однос на пријавувањето изјави дека пријавување на настани од страна на родителите на детето до училиштето немало, туку дека за ваквите настани дозанале од претставките на родителите поднесени до повеќе државни органи. Следствено, педагогот истакна дека сите настани за кои се интервенирало од нејзина страна во врска со ученикот [redacted] се инцидентни и за истите се извршени разговори со засегнатите ученици, а кои интервенции се евидентирани во евидентниот лист даден на увид. Во однос на преземени активности во врска со одредени настани, психологот истакна дека за истите води и се евидентирани во листа на настани. Дополнително наведуваат дека настани се пријавувани и од двете страни, односно и од страна на [redacted] а во кои случки се користени навредливи зборови од страна на [redacted] додека разговорите се водени одвоено со засегнатите ученици. Истакнато е дека педагогот со мајката на [redacted] реализирал две средби. Од страна на претставниците посочен е одреден настан кој се случил во училиштето и е пријавен во полиција. Настанот е напад од трето лице, односно роднина на мајката на [redacted] врз класната раководителка. Во однос на наведениот настан во претставката за време на екскурзијата, наставниците по историја кои учествувале и биле одговорни за класовите на реализираната еднодневна посета на локалитетот Тумба Маџари во ноември 2023 година, истакнато е дека не посведочиле настан на снимање со мобилен телефон на [redacted] како и дека ниту некој од учениците на екскурзијата пријавил или се пожалил на таков настан. Истакнато е од страна на директорката дека во тоа време ученикот [redacted] за кој се тврди дека снимал со мобилен телефон не бил во истиот клас со ученикот [redacted]
Директорката, педагогот, психологот и класната раководителка истакнаа дека во изминатите години, се преземени низа на активности и соодветни мерки, во однос на ученикот [redacted] односно негово прифаќање од останатите ученици, за што целосно се успеало во истото. Односно беше истакнато дека од страна на [redacted] биле пријавувани одредени настани за несоодветно однесување од страна на неговите соученици и дека таквата состојба била надмината.

Обезбеден е препис од: Записник бр. 03-591/1 за одржан Совет на предметни наставници на 09.10.2024 година, Табеларен приказ на реализирани активности на стручни соработници, Информација од стручните соработници по доставено барање на информации од родител бр. 03-534/1 од 09.10.2024 година, Евидентен лист од информации и согледувања во врска со настани од психолог [redacted] Изјава од класен раководител [redacted] до Адвокат [redacted], Педагошка мерка усна опомена за ученик [redacted] бр. 08-25/1 од 25.01.2024 година, Педагошка мерка усна опомена за ученик [redacted] бр. 08-25/2 од 25.01.2024 година, Педагошка мерка писмена опомена за ученик [redacted] бр. 08-183/1 од 15.04.2024 година, Образец за индивидуално советување со родител/старател [redacted] на 24.10.2024 година, Решение бр. 04-190/1 од

21.03.2022 година, за назначување на службени лица за спроведување на Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, Статут на ООУ „Димитар Миладинов“ Скопје бр. 01-576/2 од 30.11.2020 година, Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување бр. 03-588/1 од 06.11.2024 година, Решение на Државен просветен инспекторат бр. 09/2-909 од 18.10.2024 година, Записник бр. 09/2-909 од 03.12.2024 година и Записник бр. 09/2-909 од 17.10.2024 година.

Комисијата ги повика и оствари разговор со родителите на [redacted] односно подносителката на претставката, мајката [redacted] и таткото [redacted], на 25.12.2024 година. Според [redacted] на еднодневната екскурзија во месец мај 2024 година, [redacted] бил сниман со мобилен телефон во автобусот за време на екскурзијата, од страна на друг ученик, од друг клас. Истакнуваат дека не го знаат точното име на ученикот. Родителите изјавија дека не го пријавиле настанот во училиштето, туку реагирале и пријавиле кај класната раководителка. Тие истакнаа дека до шесто одделение [redacted] немал проблеми во училиштето, а дека од екскурзијата се интензивирале настаните со навреди кон него. Изјавија дека во учебната година 2023/24 [redacted] имал проблеми со друг ученик од неговиот клас по име [redacted] но дека и сите останати ученици во класот имале проблеми со овој ученик кој бил проблематичен. Во месец мај 2024 година, пред крајот на учебната година, мајката на [redacted] се најавила и остварила средба со директорката на училиштето. На средбата во присуство на директорката била повикана и присуствувала и класната раководителка. Од страна на класната раководителка биле презентирани изјави од ученици од класот на [redacted] во врска со однесување на [redacted] спрема нив. Родителите истакнуваат дека по доаѓањето на [redacted] во класот на [redacted] се здружиле и тие биле учениците кои често го малтретирале [redacted] и користеле навредливи зборови, меѓу кои, такви како „Треба да се вратиш во Шутка“, „Ти си кафеав“. Изјавуваат дека иако и [redacted] е Ром, сепак тој живеел во Центар, во населбата Водно, па од тие причини имал и таков однос спрема [redacted] во однос на местото на живеење. Во однос на пријавување настани на почетокот на учебната 2024/25 години, во месец септември, мајката каже дека нема пријавено до училиштето, но дека присуствувала на средба со педагогот и психологот. Таа била повикана од нив, остварила една средба со психологот и две средби со педагогот, а во однос на поплаки од нејзина страна до класната раководителка. Мајката истакнува дека пристапот на психологот и педагогот бил „како да го ојачаме [redacted] дека е многу кревок“. Настаните се однесувале на туркања, удирање со шише на [redacted] од страна на [redacted] во холот на училиштето, за што според родителите не се преземало ништо, односно како што изјавуваат училишниот кадар не преземал ништо. Педагогот ништо конкретно не преземала според тврдењето на мајката, бидејќи само го вадела од часови [redacted] на само и го прашувала што се случило, како се почувствувал, наместо да ги повика и другите деца кои ги правеле проблемите и со нив да разговара.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Родителите истакнуваат и дека еден соученик поради истите работи се има префрлено во друго училиште и дека и тие размислувале да го презапишат [redacted] во друго училиште, но од причини што има уште 2 години до крајот и веќе со години е во таа средина, не се одлучиле за такво нешто. Во однос на случката во соблекувалната по часот на физичко воспитување, изјавија дека [redacted] го затвориле [redacted] во соблекувалната и не го пуштале да излезе, притоа вербално навредувајќи го со погрдни зборови како „Циган еден“, „На кого ќе пријавуваш ти“, по што друг ученик по име [redacted] ја отворил вратата и [redacted] излегол од соблекувалната. Овој настан родителите на [redacted] го пријавиле во полиција. Мајката самоиницијативно отишла во училиштето, но не остварила средба со никој од вработените стручни соработници, ниту со директорката. Родителите изјавија дека поплаки или некакви известувања за несоодветно однесување на [redacted], немаат добиено од страна на вработените во училиштето, ниту пак од други ученици или родители. Наведуваат дека навредливите зборови се кажани меѓу учениците, на кои немало други сведоци. Според родителите учениците не би сакале да „издадат“, затоа што мајката на [redacted] им е класна раководителка. Родителите на [redacted] истакнаа дека откако пријавиле заедно со адвокатката во повеќе институции, веќе започнала да се менува комуникацијата во училиштето, се правеле едукативни работилници, се известуваат родителите итн. Сите мерки од страна на училиштето се преземени откако ангажирале адвокат и состојбата започнала да се подобрува.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).“.

Дискриминација согласно член 6 од Законот „е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.“.

Согласно член 8 став 1, „директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“.

Вознемирувањето, согласно член 10 став 1 „претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Според член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.“.

Во утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата подеднакво ги ценеше тврдењата и изнесените факти и околности од двете страни, без притоа да смета дека товарот на докажување се префрла на страната на потенцијалниот дискриминатор. Ова од причина што, Комисијата испитувајќи ги наводите во претставката, не ги најде за веројатни тврдењата во претставката за сторена дискриминација.

Комисијата не најде факти и околности кои укажуваат на дејствија кои може да се квалификуваат како дискриминација, односно дека училиштето постапувало понеповолно со ученикот [redacted] споредбено со друг или други ученици, во иста или слична фактичка ситуација врз некој дискриминаторски основ и со тоа е настаната определена повреда, односно постоело спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на определено право.

Тврдењата во претставката опишуваат настани кои индицираат дејствија на вознемирување, за што Комисијата, исто така, не најде постоење на факти и околности кои укажуваат на дејствија преземени од ученици или од лица вработени во училиштето, а кои се каузално поврзани со одреден дискриминаторски основ. Односно Комисијата не ги потврди за објективни дејствијата од опишаните настани кои укажуваат на одредена заштитена карактеристика на ученикот [redacted], односно упатуваат на или се поврзани со дискриминаторски основ. Од сето наведено во претставката, изнесени се поконкретно факти и околности за само два настани, како и воопштени наводи за случки во временски период со одредено траење, од каде Комисијата утврди дека училиштето за конкретните настани има постапувано и преземена дејствија, додека во други ситуации постоела одредена комуникација со [redacted] и со неговите родители. Следствено, од поконкретните настани наведените зборови кои како навредливи биле користени, истите се појавуваат само помеѓу засегнатите ученици, не дополнително потврдени, од што би се потврдиле како објективна фактичка состојба.

Оттука, Комисијата не можеше да утврди конкретни дејствија кои би претставувале вознемирување во смисла на ставот 1 од членот 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во поголем дел од истакнатите наводи во претставката и утврдената фактичка состојба, наведеното се однесува на примена на одредби од прописите кои го уредуваат основното образование, за што надлежен орган за надзор и постапување е Државниот просветен инспекторат, за што во конкретниот случај и постапувал.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*
*1.* [redacted]
*2. ООУ „Димитар Миладинов" – Скопје бул. Кочо Рацин бр. 17, Скопје*
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk